РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 08-1143/36
05-08 2019 год.
КОЧАНИ

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЦЕНТАР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
Примено: 05-08-2019
Орг. Ед. | Вредност:
03 | 256/1

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Кочани, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година усвоен од Владата на Република Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РМ, на ден 05.08.2019 година се објавува:

**Ј А В Е Н О Г Л А С**
**до**
**евидентирани невработени лица за вклучување во**
**Програмата Општинско - корисна работа**

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект "Добра волја" за работно ангажирање со скратено работно време за период од 6 (шест) месеци/9 (девет) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Кочани.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, при што за време на работниот ангажман од 6 (шест) односно 9 (девет) месеци статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

Право на учество во Програмата „Општинско-корисна работа" имаат сите невработени лица, при што предност ќе имаат лицата кои за прв пат се јавуваат за учество во Програмата. Исклучок од ова правило се лицата кои работеле минатата година како образовни/лични асистенти.

Предност за вклучување на *Придружник/помошник на стари и изнемоштени лица* во Програмата ќе имаат лицата кои се со место на живеење во срединитe (населените места) во кои се планира да се спроведува услугата -опслужување на стари и изнемоштени лица.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 9.000,00 денари месечно, со вклучен персонален данок на доход и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

| | |
|---|---|
| X долгорочно невработени лица (над 12 месеци во евиденција, со предност на невработени лица над 5 години)<br>X млади лица до 29 години<br>X лица постари од 50 години<br>X лица корисници на право на парична помош од социјална заштита или корисници на паричен надоместок по основ на невработеност<br>X лица кои биле корисници на Програмата условен паричен надоместок за средно образование | X жртви на семејно насилство<br>X лица со попреченост<br>X жени припадници на ромската етничка заедница и на останатите етничките заедници<br>X лица припадници на ромската етничка заедница<br>X самохрани родители<br>X родители на деца со пречки во развојот<br>X родители на 3 и повеќе деца<br>X лица со незавршено средно или пониско образование<br>X лица кои имале статус на деца без родители и родителска грижа |

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на 7 лица и тоа:

- 2 (две) *образовни асистенти во* ОУ „Никола Карев“ и ОУ „Раде Кратовче“ Кочани;

- *5 (пет) придружник/помошник на стари и изнемоштени лица во градот Кочани и руралните средини во општината;*

| | | |
|---|---|---|
| *1. Придружник/помошник на стари и изнемоштени лица* | *Средно или основно образование* | *Пружање услуги во домашни услови: помош во набавка на производи за домаќинството, лекови, помош во плаќање на сметки, придружба за прошетки, за одење на болница, придружба во обавување на други потреби на корисникот, разговор со него, помош околу одржување на хигиена во домот, помош околу подготовка на храна и сл.* |

| | | |
|---|---|---|
| *17. Образовен асистент* | *Високо образование* | *Да му помага на детето со пречки во развојот да го совлада наставното градиво, да работи само со него на дообјаснување на материјалот, да соработува со неговиот наставник/ментор, да ги воочува неговите специфични потреби и да му помага да ги надмине тешкотиите, да му помага околу работата на час* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *и домашните задачи* |

Заинтересираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување Кочани во периодот од 05.08.2019 година до 16.08.2019 година, од 08:00 до 14:00 часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Кочани и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да се добијат во општина Кочани кај лицето Аника Илијевска Ѓорѓиева, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа“, Агенција за вработување- Центар за вработување Кочани кај лицето Ацо Серафимов, Центар за социјлна работа Кочани кај лицето Зага Андонова.

05.8.2019 година
К о ч а н и

Општина Кочани
Со овластување на
Градоначалникот бр.08-8/13 од
19.10.2019 година

Секретар,
Александар Јосифовски